# ЗАПИСНИК
**од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 27.02.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Методија Јанчески (оправдано отсутен), Зоран Фиданоски (оправдано отсутен, боледување).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено отсутен).**

**На седницата го заменуваше раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на Овластување бр.03-1125/1 од 26.02.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Владимир Ѓорѓиески, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

Г-дин Петрушевски ја отвори 11 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:10 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека од г-дин Фиданоски добил известување дека во текот на вчерашниот ден имал повреда на ногата, и е на боледување, со можност од неколку недели да не може да се движи. Г-дин Јанчески уште на минатата седница најавил дека нема да може да дојде поради тоа што на факултетот каде што работи има часови со студентите. Во врска со Точка 3 објасни дека во материјалите имаше 4 Предлог-одлуки за одземање на дозвола, но ТВ КИСС во последен момент го плати надоместокот согласно доказот во финансискиот систем на Агенцијата. Сега остануваат 3 медиуми. Во Точка 4 имаше 8 предлози за запирање на постапки, но бидејќи се додава и ТВ КИСС ќе бидат 9.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.02.2019 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.02.2019 година.
3. Предлог-одлуки за одземање на дозвола на радиодифузери.

4. Предлог-решенија за запирање на постапки за одземање на дозвола на радиодифузери.
5. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје.
6. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.
7. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 4 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фетаи го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.02.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски поради технички причини односно немање временска можност да се изработи, усвојувањето на Предлог-записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.02.2019 година го одложи за продолжението на истата седница кое ќе се одржи следната недела пред почетокот на наредната седница.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски како што претходно најави, објасни дека ќе се разгледаат 3 Предлог-одлуки за одземање на дозвола на ТРД Канал 5 Плус, ТВ Скопје и ТВ К ТРИ од Куманово. Отвори општа дискусија во насока како се дојде во ситуација овие радиодифузери да прекинат со работата по нивна желба.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека заедничката причина за одземање на дозволата на трите радиодифузери е дека не го платиле годишниот надоместок за телевизиско емитување. По доставените фактури ниту во 30-те дена од приемот на фактурата, ниту по покренување на постапката за одземање на дозволата со што имаа законски дополнителни 15 дена, радиодифузерите не го платија надоместокот. Од таа причина се предлага на овие радиодифузери да им се одземе дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека за двете телевизии Канал 5 Плус и ТВ Скопје ова преставува логичен деловен потег од страна на нивните сопственици затоа што Канал 5 Плус е втора телевизија на сопствениците и претпоставува дека не им носи финансиска добивка или имаат загуба. За ТВ Скопје рече дека во голем процент е истата телевизија како ТВ Алфа, само што се емитуваше во скопскиот регион и ова е нивна деловна одлука за да ги намалат трошоците. За ТВ К ТРИ рече дека нема информации и можеби со информации може да помогне г-дин Ајдини.

Г-дин Ајдини рече дека колку што знае медиумот од поодамна воопшто не емитува програма и според некои информации имаат финансиски проблеми кои веројатно се главната причина што не можат понатаму да продолжат со работа.

Г-дин Фетаи рече дека ова претставува показател дека пазарот во нашата држава има некои правила на саморегулација. Конкуренцијата и либералниот пристап, можностите овие телевизии да опстојат доведува до вакви позиции односно поради немање финансиски средства и неможноста за плаќање на дозволата да прекинат со понатамошно работење. Од друга страна има случаи кога има нови барања и нови инвестиции во радиодифузијата. Тоа е една жива материја која нормално дека ќе се збогатува понекогаш повеќе, понекогаш помалку, со оглед на можностите кои ги пружа амбиентот за рекламирање во Македонија. Се знае дека за приватните телевизии основна база на нивно постоење е рекламниот пазар. Оној другиот дел кој неколку години беше финансиран од средства од Буџетот сега некако поинаку се распореди и затоа тоа е нивна деловна одлука. За Агенцијата и Советот ова е важно, но значајно е и тоа што овие телевизии кои престануваат повеќе да бидат присутни во етерот во Македонија, престануваат поради неможноста да ги реализираат нивните финансиски планови кои ги имале, а не поради непочитување на програмските обврски. Во оваа ситуација Советот нема друга можност како да одлучи туку да ја прифати оваа законска состојба што по автоматизам, по сила на Закон значи престанок на понатамошното работење.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, бр.08-7 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради неплатен годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2019-100-0007 (наш арх.бр.05-94/1 од 10.01.2019 година).

Се задолжи Секторот за правни работи да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, бр.08-17 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради неплатен годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2019-100-0014 (наш арх.бр.05-101/1 од 10.01.2019 година).

Се задолжи Секторот за правни работи да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за

одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, бр.08-21 од 05.01.2015 година на Трговското радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради неплатен годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2019-100-0017 (наш арх.бр.05-104/1 од 10.01.2019 година).

Се задолжи Секторот за правни работи да ги извести ОЈЕКМ со кој радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски информира дека има Предлог-решенија за запирање на постапки за одземање на дозвола за ТВ Сонце од Прилеп, ТВ Кочани, БИ КИ АЛ од Битола, РА Б-97 од Битола, РА Валандово, ТВ Амазон од Скопје, ТВ ГУРРА од Кичево, ТВ Калтрина од Струга и ТВ КИСС од Тетово кој пред 45 минути го уплати надоместокот и раководителот на финансии и логистика му покажал извод од финансиската сметка дека уплатиле и до членовите на Советот достави предлог. Ова се позитивни вести кога медиумите останувaат и понатаму да работат.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-10 од 05.01.2015 година, по Предлогот бр.08-53 од 13.02.2019 година.

Наведената дозвола не е повеќе во важност, од причина што на радиодифузерот му се издаде нова дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа.

На 26.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 278.557,00 (двестеседумдесетиосумилјадиипетстотинипедесетиседум) денари со што РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување за периодот од 05.01.2019 година до 24.02.2019 година го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, по Предлогот бр.08-55 од 13.02.2019 година.

На 26.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 94.484,00 (деведесетичетириилјадиичетиристотиниосумдесетичетири) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, по Предлогот бр.08-58 од 13.02.2019 година.

На 26.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 32.851,00 (триесетидвеилјадииосумстотинипедесетиеден) денар со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио-Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, по Предлогот бр.08-60 од 14.02.2019 година.

На 26.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 32.851,00 (триесетидвеилјадииосумстотинипедесетиеден) денар со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАЛАНДОВО ДОО Валандово, по Предлогот бр.08-69 од 14.02.2019 година.

На 26.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 5.979,00 (петилјадиидеветстотиниседумдесетидевет) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на

Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, по Предлогот бр.08-65 од 14.02.2019 година.

На 26.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 718.926,00 (седумстотиниосумнаесетилјадидеветстотинидваесетишест) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, по Предлогот бр.08-76 од 20.02.2019 година.

На 21.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 51.432,00 (педесетиеднаилјадаичетиристотиниитриесетиидва) денари и на 22.02.2019 година изврши уплата во износ од 10.000,00 (десетилјади) денари, со што Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, по Предлогот бр.08-56 од 13.02.2019 година.

На 25.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 74.701,00 (седумдесетичетириилјадиседумстотиниеден) денар со што ТРД Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово, по Предлогот бр.08-68 од 14.02.2019 година.

На 27.02.2019 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 372.432,00 (тристаседумдесетидвеилјадиичетиристотиниитриесетидва) денари со што ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека се надева дека овие радиодифузери ќе најдат начин и воопшто како општество, како држава ќе им се помогне во наредната година да немаат вакви проблеми со касно плаќање или како некои од нив во последен момент, како сега што недостасуваше половина час за еден медиум да остане без дозволата.

**Точка 5**

Раководителот на Одделението за заштита на авторските права м-р Владимир Ѓорѓиески го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје. Објасни дека на 21.01.2019 година по доставена претставка од граѓанин направен е вонреден надзор на наведениот оператор. По извршениот надзор констатирано е дека овој оператор реемитува програмски сервиси спротивно на член 141 од ЗААВМУ, односно сервиси за кои што Агенцијата му нема издадено потврди за регистрација согласно законските процедури. Согласно надлежностите на законските измени Советот донесе решение за јавно опоменување и исклучување на програмските сервиси на 25.01.2019 година и истото е доставено до операторот со цел да го усогласи неговото работење со Законот. По добивање на информации дека решението е уредно примено, направен е контролен надзор на 22.02.2019 година, при што повторно е констатирано дека овој оператор не го усогласил своето работење односно продолжил да реемитува еден програмски сервис за кој што Агенцијата му нема издадено потврда. Од таа причина до Советот е доставен предлог против овој оператор да се поведе прекршочна постапка.

Г-дин Петрушевски праша дали прекршоците што ги направил операторот ТОТАЛ ТВ се од невнимание на непочитување на Законот или се последица на последните Законски измени каде што е комплицирано да се добијат тие потврди, бидејќи колку што се сеќава имаше еден таков случај?

Раководителот Ѓорѓиески одговори дека прекршокот е направен поради невнимание бидејќи последните законски измени ја одлагаат примената на членот од Законот. Постапката за регистрација на програмски сервиси е иста како и во претходното законско решение и ова претставува грешка на операторот.

Советот на Агенцијата врз основа на констатациите од Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.11-1090/1 од 25.02.2019 година, едногласно поведе прекршочна постапка за операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје.

Се задолжи Секторот за правни работи да ја изготви прекршочната постапка за Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје .

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар накратко го образложи предложеното решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

Г-дин Петрушевски објасни дека радиодифузерот го плати надоместокот, ја смени платформата, сега помал износ за надоместокот ќе плаќа и сето ова е позитивно за него.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери, на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп како имател на дозвола бр.08-10 од 05.01.2015 година за емитување на телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови

програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на државно ниво, на македонски јазик, преку сателит.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата

Г-дин Петрушевски, по гласањето му посака брзо закрепнување на г-дин Фиданоски и што побрзо да им се придружи на членовите на Советот на седниците.

**Точка 7**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-1122/16**
**06.03. 2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**